Macedonian

# Информации за заедницата во врска со евакуација

**Информации за евакуација во вонредни ситуации.**

**За да бидете безбедни најдобро е рано да заминете.**

**Што е евакуација?**
Евакуација значи отстранување на луѓе од опасно подрачје или ситуација. Луѓето се префрлуваат во безбедно подрачје.

До евакуација доаѓа кога постои вистинска опасност по вас и е безбедно да се изврши евакуација. Ако тоа не е безбедно, може да треба да се користи поинакво засолниште. При вонредна ситуација што брзо наближува може да не биде дадено предупредување за евакуација.

**Зошто треба да заминам рано?**
Во вонредна ситуација раното заминување е најдобрата опција. Раното заминување треба да го сметате за прва работа што треба да ја сторите во вонредна ситуација.

**Во кои видови вонредни ситуации е потребна евакуација?**
За евакуација треба да размислувате при пожар, поплава, луња, лизгање на земјиштето и хемиска вонредна ситуација. Ако во вашата област дојде до шумски и/или полски пожар, не чекајте повик за евакуација. Во денови кога временските прилики се опишани како Code Red, екстремни и многу лоши, најбезбедна опција е да се замине од областите со висок ризик пред пожарот да стане закана.

**Како ќе знам кога да се евакуирам?**
Бидете на штрек во очекување на предупредувања и информации во денови кога времето е многу лошо или екстремно. Информации на англиски може да добиете:

- Од локалните радио станици или телевизијата SKY NEWS (за комплетна листа на радио и телевизиски станици со информации за вонредни ситуации посетете ја интернет страницата www.emv.vic.gov.au).
- За шумски и полски пожари – Victorian Bushfire Information Line (VBIL) **1800 240 667** (или посетете ја интернет страницата www.cfa.vic.gov.au).
- За поплави и луњи – VICSES Flood and Storm Information Line **1300 842 737** (или посетете ја интернет страницата www.ses.vic.gov.au).

Ако не зборувате англиски, телефонирајте на **131 450** за преведувач и побарајте да ве поврзат со Victorian Bushfire Information Line или VICSES Flood and Storm Information Line, или побарајте од некој пријател што зборува англиски да ви ги преведе предупредувањата најдени на интернет.

Може да добиете **предупредување за вонредна ситуација** по телефон или со SMS. Некој од вашата заедница или полицаец може да дојде кај вас дома за да ви рече да се евакуирате.

**Кој раководи со евакуација?**
Во вонредни ситуации, викториската полиција е одговорна за спроведување на евакуација.

**Што да правам кога ќе ми биде кажано да се евакуирам?**
Ако има време, заклучете ја вратата од вашата куќа. Мора да ги следите упатствата за предупредување и тие што ги даваат службите за вонредни ситуации.

**Што да земам со себе?**
Лекови, заштитна облека, вода за пиење, лични документи за идентификација (на пример: пасош, возачка дозвола итн), полњач за мобилниот телефон, радио на батерии, дополнителна облека и прибор за лична хигиена.

**Каде да одам?**
Отидете на безбедната локација наведена во предупредувањето. Може да добиете упатства како да стасате таму. Кога ќе стасате на безбедната локација, ве молиме пријавете се – тоа ќе им помогне на властите да ги смират луѓето кои се загрижени за вас.

**Што со моите животни?**
Ако имате домашни миленици или животни, за повеќе информации може да добиете комплет за домашни миленици во вонредни ситуации (видете на www.agriculture.vic.gov.au). Треба однапред да планирате што да правите со вашите животни. Треба да имате ремени и кафези заради превоз и контрола. Добитокот и коњите треба да ги преместите порано или внатрешните порти да ги оставите отворени, за да можат слободно да се движат по имотот.

**Што ако ми треба помош да се евакуирам?**
Треба да размислите за причините зошто би ви требала помош. Тоа е дел од планирањето за вонредни ситуации.

Ако немате кола, треба да го организирате превозот. На пример, можете да заминете со соседите или да организирате семејството да ви помогне да се евакуирате.
**Запомнете: Раното заминување е секогаш најбезбедната опција.**

**Кога може да се вратам дома?**
Полицијата или службите за вонредни ситуации ќе ви кажат кога е безбедно да се вратите дома. Не се враќајте дома додека не ви биде кажано дека е безбедно да го сторите тоа.

**Што ако не сакам да се евакуирам?**
Ако не се евакуирате, тоа може да биде опасно за вас и/или за вашето семејство. Важно е вие и вашето семејство да имате план за безбедност и да знаете што да сторите во вонредна ситуација.

**Лична безбедност**
Продолжете да го слушате радиото ABC или други радио станици кои известуваат за вонредни ситуации, за да имате најнови информации. Возете внимателно. Бидете свесни дека од чадот од пожар патот може тешко да се гледа. Запалете ги фаровите на вашата кола.

Бидете свесни дека патиштата може да бидат блокирани од поплава, соборени дрвја или електрични жици. Не возете и не одете низ вода надојдена при поплава. Електричните жици никогаш не ги отстранувајте од патот.

**ПРИСУСТВОТО НА ПОЛИЦИЈАТА ИЛИ ДРУГИ СЛУЖБИ ЗА ВОНРЕДНИ СИТУАЦИИ ПРИ ЕВАКУАЦИЈА НЕ МОЖЕ СЕКОГАШ ДА БИДЕ ГАРАНТИРАНО.**

VICTORIA POLICE

English

# Community Evacuation Information

**Emergency evacuation information.**

**To be safe, it is best to leave early.**

**What is 'evacuation'?**
Evacuation means moving people away from a dangerous area or situation. People are moved to a safe area.

Evacuation happens if there is a real danger to you and it is safe to evacuate. If it is not safe, a different shelter may need to be used. In a fast-moving emergency an evacuation warning may not be given.

**Why do I need to leave early?**
Leaving early is the safest option in an emergency. You should think about leaving early as the first thing to do in an emergency.

**What kind of emergency will require evacuation?**
You need to think about evacuating in a fire, flood, storm, landslide and chemical emergency. If there is a bushfire in your area, do not wait for a call to evacuate. On Code Red, Extreme and Severe weather days, the safest option is to leave high risk areas before fire threatens.

**How will I know when to evacuate?**
Be on alert for warnings and information on days of severe or extreme weather events. You can get information in English from:

- Local radio stations or SKY NEWS Television (visit www.oesc.vic.gov.au on the internet for a full list of emergency broadcasters).
- For bushfires – Victorian Bushfire Information Line (VBIL) **1800 240 667** (or visit www.cfa.vic.gov.au on the internet).
- For floods and storms – VICSES Flood and Storm Information Line **1300 842 737** (or visit www.ses.vic.gov.au on the internet).

If you do not speak English, you can call **131 450** for an interpreter and ask for the Victorian Bushfire Information Line or the VICSES Flood and Storm Information Line, or ask an English speaking friend to help translate the warning information found on the internet.

You may get an **emergency warning** by phone or by SMS. Someone from your community or a police officer may come to your house to tell you to evacuate.

**Who manages an evacuation?**
In an emergency, Victoria Police is responsible for managing an evacuation.

**What do I do when I am told to evacuate?**
Lock the door of your house if you have time. You must follow the instructions on the warning and instructions provided by emergency services.

**What do I take with me?**
Medication, protective clothing, drinking water, personal identity documents (e.g. passport, drivers licence etc.), mobile phone charger, battery powered radio, extra clothes and toiletries.

**Where do I go?**
Go to the safe location written in the warning. You may get directions on how to get there. Once you arrive at the safe location, please register; it will help authorities to reassure people who are worried about you.

**What about my animals?**
If you have pets or animals you can get a pet emergency kit (see www.depi.vic.gov.au) for more information. You need to plan ahead for your animals. You need to have leads and cages for transportation and control. You need to move farm animals and horses early or you need to leave internal gates open so they can move freely within the property.

**What if I need help to evacuate?**
You need to think about reasons why you may need help. This is part of planning for an emergency.

If you do not have a car you need to organise transport. For example you can leave with your neighbours or arrange for family to help you evacuate. **Remember: Leaving early is always the safest option.**

**When can I go home?**
When it is safe to return to your home, the police or emergency services will tell you. Do not go home until you are told that it is safe to do so.

**What if I do not want to evacuate?**
If you do not evacuate it may be dangerous for you and/or your family. It is important that you and your family have a safety plan and know what to do in an emergency.

**Personal Safety**
Continue to listen to the ABC radio or other emergency broadcasters for updates.
Drive carefully. Be aware smoke from a fire will make it difficult to see the road. Turn on your car headlights.

Be aware that roads may be blocked by flood water, fallen trees or power lines. Do not drive, ride, or walk through floodwaters. Never move power lines from the road.

**THE PRESENCE OF POLICE OR OTHER EMERGENCY SERVICES DURING AN EVACUATION CANNOT ALWAYS BE GUARANTEED.**